Врз основа на член 212 став 5 и 6 , од Законот за Социјална заштита (Службен весник на Република Северна Македонија бр.104/2019, 146/19 ,275/19 ,302/20 и 311/20 ) **член 20 став 2 алинеа 2 од Законот за вработените во јавниот сектор** (Службен весник на Република Македонија" број 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 , „Службен весник на Република Северна Македонија" број 143/19 и Закон за изменување и дополнување на Законот за вработените во јавниот сектор, Сл. весник на РСМ, бр. 14 од 20.01.2020 година) по добиена Согласност од Министерство за финансии **бр. 18-6510/2 од 28.07.2021 година**, Одлука бр04-294/4 од 03.08.2021 година .на ВД Директорот на ЈУ Специјален завод Демир Капија се објавува :

ИНТЕРЕН ОГЛАС БР.01/2021

**ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА 1 (ЕДЕН) ДАВАТЕЛ НА УСЛУГИ ВО ЈУ СПЕЦИЈАЛЕН ЗАВОД ДЕМИР КАПИЈА**

1. 1(еден ) извршител за работно место – МЕДИЦИНСКА СЕСТРА во Службата за институционално згрижување на корисници – Оддел за здравје и нега на корисниците со шифра на работното место **СО30303Б02010** со звање на работното место -помошно стручен службеник од второ ниво

Кандидатите кои ќе конкурираат за наведеното работнно место, потребно е да ги исполнуваат следните Општи услови утврдени со Закон:

- да е државјанин на Република Северна Македонија;
- активно да го користи македонскиот јазик
- да е полнолетен;
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност и должност

**Интерниот оглас трае 3 (три ) работни дена од денот на објавување**.

Распоред на работното време:

-за медицинска сестра работно време е во 2 смени прва од 06,20 до 18,20 часот и втора од 18,20 до 06,20 часот **-40 работни часа неделно,**

**Основната нето плата за медицинска сестра е:20.554,00 денари.**

2 Посебните услови предвидени за работните места :

-За медицинска сестра за ниво Б2 најмалку ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ илиМКСОО или четиригодишно средно образование (Средно медицинско образование –медицинска сестра ).

На интерниот оглас може да се јави давател на услуга вработен во ЈУ Специјален завод Демир Капија кој ги исполнува општите и посебните услови за пополнување на работното место пропишани за соодветното ниво со Законот за социјална заштита и Правилникот за систематизација на работните места во ЈУ Специјален завод Демир Капија како и следните услови:

-да е отценет со оцена најмалку задоволува, при последното отценување

-да е на работно место на непосредно пониско ниво или да е на работно место во рамки на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас

-да поминал најмалку две години на тековното работно место

-да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавување на интерниот Оглас

Заинтересираниот давател на услуга, поднесува пополнета пријава и докази за податоците содржани во пријавата преку архивата на ЈУ Специјален завод Демир Капија

Кандидатите кон пријавата „покрај доказите за исполнување на општите и посебните услови можат да ги приложат и следните докази:

-потврда за успешно реализирани обуки

- потврди за успешно реализирано менторство

Рокот за поднесување на пријавата со доказите трае 3(три ) дена од денот на објавување навеб страната на ЈУ Специјален завод Демир Капија.

Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази се верни на оригиналот.

**НАПОМЕНА**:
Ненавремената, нецелостата и неуредно пополнета пријава, нема да се разгледува.
Кандидатот кој ќе внесе лажни податоци во пријавата, ќе биде дисквалификуван од натамошна постапка.
Бараните документи се доставуваат во затворен коверт со напомена: "Да не се отвора" на следнава адреса:

ЈУ Специјален Завод Демир Капија
Архива на Установата
(**со назнака "за интерен оглас"**)

ВД Директор
Александра Велковска